ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА - СКОПЈЕ

01 2023 12 01

Скопје, мај 2024 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и неповолно мислење за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година, при што овластениот државен ревизор изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Од последната ревизија поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје за 2022 година, ги утврдивме следните состојби:
- постои неусогласеност на обврските по извршни решенија евидентирани во сметководствената евиденција на јавното претпријатие и податоците за истите согласно евиденцијата на носителот на платниот промет;
- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на претпријатието како основачки влог и не се забележани подружниците на јавното претпријатие;
- утврдивме слабости во воспоставената евиденција кај залихата на суровини, материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми, начинот на прием, издавање, чување и мерење на горивото, како и во условите за складирање и чување на залихата на сол кај дел од подружниците;
- не се преземени активности за законско отуѓување на расходуваните средства и опрема, како и отсуство на интерен акт за понатамошно користење на нивните функционални резервни делови;
- имотот и средствата на претпријатието не се осигурени од пожар и други елементарни непогоди;
- неусогласеност на приоритетната и други дејности во Статутот на ЈП со податоците наведени во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- утврдени се неправилности во начинот на уредување и пресметување на платите, висината на вредноста на бодот за пресметка на плати, пополнетоста на работните места, комплетноста на персоналните досиеја и во оценувањето на успешноста на вработените;
- единица за внатрешна ревизија не е кадровски пополнета;

- податоците содржани во Годишниот извештај за работа на ЈП се нецелосни и не се во согласност со законските барања и
- недостасува сметководствена политика и евиденција на производство на асфалт и вертикална сигнализација и залихи на готови производи.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:
- континуирано остварување на загуби од работењето, поради што подолг временски период искажан е негативен капитал;
- забавената реакција и поведената судска постапка за надомест на штета по изминати две години, откако ново набавеното возило за чистење снег било опожарено;
- постоење на неизвесност во однос на работењето на Асфалтната база Штип поради ненавремено обезбедување на А - интегрирана еколошка дозвола;
- судските постапки пред надлежните судови, каде ЈП се јавува во својство на тужена страна и
- влијанието на трошоците по основ на надомест на штети, камати и судски трошоци врз финансиската состојба на ЈП.

Во делот на Клучни ревизорски прашања, известуваме дека ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта во последните 12 години континуирано функционира со трансакциска сметка која е блокирана со извршни решенија за наплата на неизмирени обврски. Своите активности во насока на извршувањето на основната дејноста ги реализира во рамки на месечните лимити односно минимумот на парични средства над кои не може да се спроведе извршување, определени со Решенија на Основен суд Скопје II Скопје. Во донесено решение од 14.06.2021 година, месечниот лимит за функционирање на јавното претпријатие е определен во износ од 231 милиони денари.

Како останато прашање ја истакнуваме потребата од донесување на подзаконскиот акт од страна на Владата за утврдување на месечниот надоместок за претседателот и членовите на УО и НО на ЈП.

Од страна на директорот на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, доставени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека најголем дел од нив претставуваат образложенија за причините кои довеле до состојбите, известувања за мерки и активности кои се преземени/ќе бидат преземени по дадените препораки, три забелешки не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби, а забелешка на точката 3.2.8. претставува известување за преземена мерка која соодветно е обелоденета во Конечниот извештај.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 3 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 3 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 4 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 18 |
| 5. Клучни ревизорски прашања | 23 |
| 6. Останати прашања | 26 |
| 7. Законска основа за ревизијата и временски период | 26 |
| 8. Опфат и ограничувања | 27 |
| 9. Одговорност за финансиски извештаи | 27 |
| 10. Одговорност на ревизорите | 27 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 29 |
| Финансиски извештаи за 2022 година: | |
| Биланс на успех | 30 |
| Биланс на состојба | 31 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 32 |
| Извештај за паричниот тек | 33 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 34 |
| Сметководствени политики | 37 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 45 |
| Прилози: | |
| Прилог број 1 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |
| Прилог број 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Биро | Министерство за правда - Биро за процена |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ЗЈП | Закон за јавни претпријатија |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |
| МЕ | Министерство за економија |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| НО | Надзорен одбор |
| СРМ | Социјалистичка Република Македонија |
| Собрание | Собрание на Република Северна Македонија |
| УО | Управен одбор |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 19-403/4
**Дата:** 14.05.2024 година

# 1. Вовед

ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за јавните патишта[1] и Законот за јавните претпријатија[2] и е надлежно за вршење на следните работи:

- редовно и зимско одржување на магистралните и регионалните патишта,
- асфалтирање на делници и крпење на ударни дупки,
- изработка и поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација,
- заштита на патишта и
- информативна (диспечерска) служба за состојбата на патиштата и друго.

ЈП е основано во 1989 година, а се до април 2019 година[3] неговиот назив бил ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје.

Извршувањето на работите од својот делокруг на работа, јавното претпријатие го остварува преку Дирекција која ја координира работата на претпријатието и 5 (пет) подружници кои се одговорни за својот дел од патната мрежа, координирани од Дирекцијата.

На Слика број 1 прикажани се подружниците и делниците со нивната должина, за чие оддржување е надлежна секоја подружница.

---

[1] Законот за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/21)

[2] Закон за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/02,......64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22)

[3] Статутарна одлука бр. 02-849/2 од 25.04.2019 година од УО со која во Статутот се менува називот на претпријатието и за истата на 30.04.2019 година обезбедена е согласност од Владата.

Слика број 1 – Подружници и делници кои ги одржува ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје




- Подружница „Автопат“ одржува патна мрежа од 294 km, делници Табановце Демир Капија
- Подружница „Скопје“ одржува патна мрежа од 1.149 km, делници Дебар – Гостивар – Тетово – Скопје – Куманово – Крива Паланка
- Подружница „Битола“ одржува патна мрежа од 1.300 km, делници Плетвар – Прилеп – Битола – Охрид – Кичево – Стража
- Подружница „Штип“ одржува патна мрежа од 1.011 km, делници Кратово – Штип – Струмица
- Подружница „Велес“ одржува патна мрежа од 662 km, делници Велес – Гевгелија

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 30 до страна 33 на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје, за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. На крајот на 2022 година, согласно податоците од сметководствената евиденција, ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта има обврски по извршни решенија во вкупен износ од 467.416 илјади денари (подетално образложено во точка 5 од извештајот – „Клучни ревизорски прашања“). Плаќањето на овие обврски согласно член 209 од Законот за извршување[4] се врши редоследно според времето на приемот на налозите за извршување кај носителот на платниот промет, каде ЈП има парични средства. Носителот на платниот промет согласно законските одредби има обврска да води евиденција на налозите за извршување.

Со извршениот увид во спроведениот попис на обврските по извршни решенија на крајот на 2022 година, утврдивме дека пописната комисија не обезбедила писмена потврда од носителот на платниот промет каде се евидентирани налозите за извршување, за потврдување на нивното салдо, како што е уредено со член 7 став 1 точка 2 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот[5]. Поради тоа, на укажување на ревизорскиот тим, ЈП се обрати до носителот на платниот промет и обезбеди листа на налози кои согласно нивната евиденција чекаат на ред за извршување и наплата. Согласно податоците од носителот на платниот промет сметката на ЈП е блокирана за обврски по извршни решенија во вкупен износ од 663.115 илјади денари, што претставува за 195.699 илјади денари поголем износ на обврски во однос на евидентираните во сметководствената евиденција. Вработените во ЈП не дадоа образложение и не приложија докази за објаснување на причините за наведената разлика, поради што не е потврдена вистинитоста и објективноста на евидентираниот износ на обврски по извршни решенија во Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за редовно усогласување и потврдување на износот на обврските по извршни решенија во сметководствената евиденција со евиденцијата на носителот на платниот промет.

3.1.2. Во ноември 1989 година, кога со Одлука на Собранието на СРМ[6] е основано ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје,

[4] Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020 и 154/2023;
[5] „Службен Весник на Република Македонија“, бр. 107 од 2011 година;
[6] број 21-4051/1 од 22.11. 1989 година објавена во Службен весник на СРМ број 41/89;

не била определена вредност на основачкиот влог од страна на основачот. Во 1999 година направени се статусни промени и извршен е упис на ЈП во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1[7], при што основачките права од Собранието се пренесени на Владата.

ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта во сметководствената евиденција има евидентирано основна главнина во износ од 82.191 илјада денари, за која не располага со документи за потврдување на нејзиниот износ, што не е во согласност со член 472 став 4 од ЗТД[8] кој предвидува дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи. Во минатото биле преземени мерки за утврдување на пазарната вредност на имотот и извршена е проценка на капиталот, но истите не се искористени за соодветно евидентирање во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од извршениот увид во образецот „Тековна состојба на субјект" утврдивме дека во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица не е извршен упис на основачкиот влог на претпријатието, како што е пропишано со член 298 став 1 точка 3 од ЗТД. Исто така, во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица не е извршено забележување на подружниците што не е согласно член 26 став 7 од ЗТД во кој е предвидено дека организирањето и бришењето на подружницата се забележува во регистарската влошка во која што е запишано трговското друштво.

Наведените неусогласености биле утврдени и во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на регуларност на ЈП за 2010 година.

Наведените состојби не овозможуваат да се потврди точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на основната главнина во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31.12.2022 година.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат активности за:

- проценување на средствата со кои располага ЈП од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на основната главнина;
- евидентирање на основната главнина како основачки влог во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија и

[7] Решение Трг. број 7120/98 од 22.01.1999 година и регистарска влошка 020078527-7-09-000 на Основен суд Скопје;

[8] Закон за трговските друштва – Службен весник на Република Македонија број 28/04,.......,239/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 290/20, 215/21 и 99/22

- забележување на подружниците во регистарската влошка во којашто е запишано трговското друштво.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со извршената ревизија на залихите на суровини, материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми, кои на крајот на 2022 година се проценети во износ од 284.315 илјади денари, ги утврдивме следните состојби:

- при приемот и издавањето на дел од суровините, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и автогумите се изготвуваат „приемници“ и „издатници“ кои се без сериски броеви, поради што не е можно да се потврди хронологијата при приемот и издавањето на залихите. Во одредени случаи документите за прием и издавање на залихите не се целосно пополнети и потпишани од лицата кои ги примаат и издаваат што не е во согласност со донесената интерна Процедура за евиденција на материјали[9];
- за извршување на редовните активности на подружниците, ЈП набавува и употребува гориво (дизел, екстра лесно и бензин). Сите подружници имаат цистерни за дизел гориво, Подружниците Скопје, Велес, Битола и Штип имаат цистерни и за екстра лесно гориво, а Подружницата Автопат има и за бензин. Приемот на количината на гориво во постоечките цистерни на ЈП се врши со помош на „мерна летва за мерење на нивото на течност[10]“. Со ревизијата констатиравме дека не е извршена верификација од страна на надлежна институција или друго овластено правно лице, со цел утврдување и потврдување дека мерилото е во сообразност со пропишаните метролошки услови за верификација, што не е во согласност со член 23 од Закон за метрологијата, како и член 3 од Правилникот[11], каде е



Слика број 2 – Мерна летва со која се мери примени количини на гориво во Подружница Скопје

[9] Процедура за евиденција на материјали (залиха, планирање, набавка, прием, издавање, контрола) број 03-1359/1 од 11.08.2015 година

[10] Вид на материјализирана мера за должина

[11] Правилникот за определување на категориите и видовите мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видовите мерила за кои може да се добие овластување за верификација

пропишана обврската за периодична верификација на мерилата, при што периодот на верификација за „мерна летва за мерење на нивото на течност“ е на секои две години. Исто така, и полнењето на возила со гориво се врши со пумпи, чии мерила подолг временски период не се верификувани;

- две Секции Маџари и Гостивар во Подружница Скопје имаат свои подземни цистерни, додека во останатите секции приемот на гориво се врши во т.н. надземни пластични и метални контејнери. При користење на горивото вработените го преточуваат во туби и канти. Од извршениот теренски увид во дел од секциите ревизијата констатира дека овој начин на прием и издавање на гориво овозможува неправилно работење, но и загрозување на безбедноста и здравјето на граѓаните и животната средина, ако се земе во предвид дека во една од секциите надземните пластични контејнери просторно се сместени во близина на домаќинства. Ваквиот начин на функционирање е воспоставен во ЈП подолг временски период и според надлежните лица се должи на недостаток на простор и финансиски средства за обезбедување на соодветни цистерни. Исто така, во Техничкиот извештај[12] за Асфалтната база во подружница Штип од септември 2022 година, спроведен од акредитирано инспекциско тело, заклучено е дека има потреба од целосна замена на машинската и електро инсталација на системот за снабдување со дизел гориво и екстра лесно гориво, поради дотраеност на резервоарот, автоматот за точење на дизел гориво, пумпниот агрегат за транспорт на екстра лесно гориво и други состојби, со што не се задоволени стандардите за безбедност и сигурна употреба.



Слика број 3 – Надземни пластични контејнери во Секција Струга

Од извршениот теренски увид во Секциите Струга и Охрид утврдивме дека не се обезбедени соодветни услови за чување на залихата на сол за

[12] „Техничкиот извештај од извршениот периодичен преглед на опремата и заштитните системи наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери на системот за снабдување со дизел гориво и екстра лесно гориво за потребите на Асфалтната база во подружница Штип“ од септември 2022 година

зимското одржување на патиштата, со што истата поради подложност на надворешни влијанија губи од своите физички својства, квалитет и се предизвикува отежнато користење.



Слика број 4– Сол за зимско одржување во Секција Струга Подружница Битола

Наведените услови во кои се чуваат горивото и солта за зимско одржување не се во согласност со Процедурата за евиденција на материјали, со која е предвидено „применииот материјал да биде уредно складиран на соодветно безбедно место, заштитен од надворешни влијанија доколку е од специфичен вид, како и од евентуална злоупотреба“. Исто така, овие состојби не се во согласност со член 13 од ЗЈП, со кој е пропишано дека ЈП при вршење на својата дејност треба да се организира на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

-вкупните залихи на резервни делови изнесуваат 53.403 илјади денари, при што дел од нив со вредност од 1.368 илјади денари се набавени пред 2018 година[13] и истите до денот на вршење на ревизијата не се издадени и употребени, а дел од нив се зголемени. Поради тоа, постои можност дел од овие залихи повеќе да немаат употребна вредност, односно да се технолошко застарени. Имајќи во предвид дека овие залихи се од подолг временски период, констатиравме дека на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира понискаta од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството[14] МСС 2 точките 6, 9 и 34. Слична состојба е утврдена и кај дел од залихите[15] во вредност од 4.922 илјади денари кои се набавени во 2021 година, а кои до крајот на 2022 година не се употребени и за кои во натамошниот период доколку не се користат постои ризик од застарување или намалување на нивниот квалитет.

[13] Залихи на: команден вентил, транспортна трака, облога-труба
[14] Службен весник на Република Македонија број 159/2009, 164/10 и 107/11
[15] Залихи на: линиски носачи, придружен валјак, плоча поти , разни видови гуми и сл.

**Препорака**

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- уредно пополнување на „издатниците“ и „приемниците“ и нивно означување со сериски броеви;
- на редовна основа да се врши верификација на мерилата за потврдување на нивната сообразност со пропишаните метролошки услови за верификација;
- во зависност од обезбедените финансиски средства постепено да се отпочне со измена на начинот на функционирање на секциите при прием, складирање, ракување и издавање на горивото и обезбедување на соодветни услови за прием и чување на солта за зимско одржување и
- утврдување нето реализациона вредност на залихите со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира понискста од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството.

3.2.2. Со донесување на Одлука[16] за усвојување на „Пописен елаборатот 2022“[17] изработен од Централна пописна комисија за извршениот попис на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31.12.2022 година, УО на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје го прифатил предлогот на пописните комисии за расход на материјални средства со набавна и отпишана вредност од 28.927 илјади денари, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа, УО по доставениот предлог од Централната пописна комисија донел одлука, директорот да отпочне постапка за отуѓување согласно позитивните законски прописи. Директорот на ЈП во февруари 2022 година доставил барање[18] за вештачење/проценка на расходуваните материјални средства[19] кои што не можат да се продадат или разменат до Министерство за правда - Биро за процена. Бирото во јануари 2024 година донело Решение за

[16]Одлука за резултати од пописот со состојба на ден 31.12.2022 година на УО бр.02-338/4 од 20.02.2023 година

[17]Пописен елаборатот 2022 бр.02-326/1 од 17.02.2023 година од Централна пописна комисија извештај за извршениот попис на средствата и изворите на средства во ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје ц.о. со состојба на ден 31.12.2022 година

[18] Барање за вештачење бр.03-370/1 од 25.02.2022 година и Ургенција-Барање за вештачење бр.03-174/2 од 25.08.2022 година

[19]Расходувани материјални средства - (гуми, акумулатори, еластична ограда, сообраќајни знаци, разновиден отпаден материјал, отпадно масло и сл.)

вештачење на предметот и Процена[20] која содржи истражувања на пазарот, цени за откуп на секундарни суровини и проценета вредност на отпадниот материјал. При тоа, од страна на Бирото не е извршена процена на утврдениот расход, поради што не се преземени натамошни мерки согласно одлуката на УО, за физичко отстранување на расходуваните средства со спроведување на постапка за нивно отуѓување или уништување како отпад.



Слика број 5 – Расходувани возила и опрема во Подружница Скопје

Со извршениот увид во деловните книги на ЈП и теренска посета на подружниците, секциите и зимските пунктови, утврдивме дека расходот на материјални средства кој бил констатиран во периодот од 2012 до 2022 година, со вкупна набавна и отпишана вредност во износ од 215.543 илјади денари (приближно 3,5 милиони евра), се води во сметководствена евиденција на ЈП, како средства надвор од употреба. Расходуваната опрема не е издвоена, дел од истата се користи за резервни делови или е уништена како отпад без да се спроведе соодветна постапка согласно член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[21]. Од вкупно расходуваните средства, 90% се возила и градежни машини кои се наоѓаат во подружниците и секциите на ЈП и се користат за резервни делови, без обезбедена согласност од Владата. Истовремено начинот на користење на опремата за резервни делови не е уреден со интерен акт, поради што постои ризик од неконтролирана и несоодветна употреба на деловите.

Наведениот начин на постапување не е во согласност со член 41 и член 42 став 3 од наведениот Закон, со кои е пропишано дека правните лица основани од државата ги користат движните ствари во согласност со нивната намена и работите и задачите што ги вршат, а за натамошно постапување со движните ствари кои од различни причини не се користат се носи одлука од страна на Владата.

[20] Решение за вештачење по предметот СВ-0033-1/2022 и Процена СВ V 33/22 и СВ V 54/21 бр.03-382/1 од 29.01.2024 година

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- продолжување со активностите за отуѓување/повторно користење/уништување на движните ствари кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност, ЈП не ги користи и не можат да се продадат или разменат, а по претходно обезбедена согласност од Владата;
- донесување интерен акт за начинот на користење на функционалните резервни делови од расходуваните средства, по претходно обезбедена согласност од Владата и
- соодветно сметководствено евидентирање по нивното физичко отстранување, врз основа на изготвени записници за примопредавање.

3.2.3. Согласно член 11 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост државните органи и правните лица основани од државата се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите. Исто така, со член 13 од Законот за јавните претпријатија пропишано е дека ЈП при вршење на својата дејност треба да се организира на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на добрата од општ интерес.

Со извршената ревизијата на ЈП утврдивме дека претпријатието располага со градежни објекти и средства за работа во износ од 2.196.489 илјади денари кои заради вршење на дејноста се изложени на ризици и за истите одговорното лице нема спроведено постапка за осигурување на имотот и средствата на претпријатието од пожар и други елементарни непогоди, што може да предизвика штета врз имотот и средствата на претпријатието.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за осигурување на имотот и средствата на претпријатието согласно законските прописи со што би се намалил ризикот од штети врз имотот и средствата на претпријатието.

3.2.4. Во член 19 од Законот за јавните претпријатија предвидено е УО да донесе Статут на ЈП кој претставува основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на друштвото. Со извршената ревизија, утврдени се следните состојби:

- постои неусогласеност помеѓу приоритетната дејност наведена во Статутот и во Тековната состојба на субјектот. Имено како приоритетна

дејност/главна приходна шифра на ЈП во Статутот е наведена шифрата 42.11 – изградба на патишта и автопати, а во Тековната состојба 43.99 - останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место. Неусогласеност помеѓу Статутот на ЈП и податоците во Централниот регистар на Република Северна Македонија постои и кај другите дејности за кои е регистрирано претпријатието и

- членот 35 од Статут на ЈП предвидува дека вработените во претпријатието кои вршат задачи на одржување на магистрални и регионални патишта имаат статус на јавни службеници и во однос на работниот однос се применува покрај ЗЈП и Законот за јавни службеници, а на останатите вработени кои вршат помошно технички работи за правата од работен однос се применува Законот за работни односи. Наведениот член од Статутот не е усогласен со член 37-а, член 37-б и член 37-ѓ од ЗЈП, каде што е уредено дека вработени имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица, соодветно.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат активности за соодветно усогласување на Статутот на ЈП во делот на приоритетна и други дејности, како и статусот на вработените.

3.2.5. Во 2022 година евидентирани се трошоци во износ од 389.988 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈП имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Овие трошоци во 2021 година изнесувале 356.436 илјади денари. Во услови кога бројот на вработени во 2022 година во однос на претходната година се намалил од 840 на 796 вработени, повеќе исплатените средства за плата во износ од 33.521 илјада денари, се должи на зголемување на бројот на бодови во Правилникот за плата и наградување на вработените во јавното претпријатие[22]. Оваа измена со Одлука[23] е усвоена од страна на УО и започнала да се применува од јуни 2022 година.

Висината на платите за вработените кои имаат статус на административни службеници е уредена со Законот за административни службеници, додека за лицата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица отсуствуваат законски одредби со кои би се уредил начинот на пресметување на платите. За овие категории на вработени согласно член 25 од Законот за

[22] Правилник за измена на Правилникот за плата и наградување на вработените во јавното претпријатие бр. 02-1080/4 од 30.05.2022 година

[23] Одлука од 76-тата седница на УО, записник број 02-1332/2 од 24.06.2022 година

вработените во јавниот сектор[24] оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори.

Со извршениот увид во актите за организација и систематизација, персоналните досиеја, склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените ревизијата ги утврди следните состојби:

- во член 6 од Правилникот за систематизација на работни места на ЈП и неговите измени[25], за административните службеници не се пропишани сите нивоа од категоријата Б – раководен административен службеник и В – стручен административен службеник[26], додека за давателите на услуги недостасуваат нивоата од категоријата А- раководен давател на услуга и В - помошно стручен давател на услуга[27], поради што ограничена е можноста за напредување во кариерата, како и вработување на лица кои немаат работно искуство. Оваа состојба не е во согласност со членовите 24 и 25 од Закон за административни службеници[28], кој претставува посебен закон каде меѓу другото се уредуваат нивоата на работните места за административните службеници и член 37-б од ЗЈП каде се определени категориите и нивоата на давателите на јавни услуги;
- во усвоениот Правилник за плата и наградување на вработените во ЈП Македонијапат Скопје[29] не се утврдени условите и критериумите за пресметување на плата на вработените според различни категори на вработени - адмистративни службеници, даватели на услуги и помошно – технички лица, односно истиот не е усогласен со член 37 и 37-а од ЗЈП и член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор. Во наведениот Правилник вработените се поделени во групи кои не се усогласени ниту со Правилникот за систематизација на работни места на ЈП;
- за вработените во ЈП кои имаат статус на административни службеници не се применуваат утврдените бодови за пресметка на плата согласно член 87

[24] Закон за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 302/20)

[25] Правилникот за систематизација на работни места на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Македонијапат – Скопје бр.02-1097/5 од 12.08.2016 година и неговите измени бр.02-1097/6 од 01.02.2018 година, бр.02-1345/1 од 15.05.2018 година, бр.02-309/2 од 15.06.2021 година, бр.02-843/1 од 15.06.2021 година. За Правилникот и измените обезбедена е согласност од МИОА.

[26] Недостасуваат ниво Б3 од категоријата Б, В3 и В4 од категоријата В

[27] Недостасуваат ниво А4 од категоријата А, В1 од категоријата В

28 Закон за административни службеници Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22

29 Правилник за плата и наградување на вработените во ЈП Македонијапат Скопје број 02-1452/12 од 08.06.2018 година

од Законот за административни службеници. Со одредбите од овој закон, предвидено е дека платата на административни службеници е составена од основна компонента (дел на плата за образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) и исклучителна компонента (додаток за работа во смени, прекувремена работа, работа во посебни услови, ноќна работа). Делот на платата кој се однесува на степен на образование и ниво на работно место треба да се вреднува согласно законски утврдените бодови. Во ЈП за оваа категорија на вработени платата се пресметува врз основа на бодови утврдени во склучените договори за вработување кои не соодветствуваат со одредбите од член 87 од Законот за административни службеници;

- ЈП нема поднесено и добиено согласност од основачот, односно Владата за Одлуката со која се утврдува висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на сите вработените, во износ од 4,85 денари, што не е согласно член 11 став 1 точка 6 од ЗЈП. Ваквата одлука не е во согласност со член 88 од Законот за административните службеници, според кој вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници се регулира со Одлука на Владата кој за 2022 година изнесува 81,6;
- со извршениот увид во персоналните досиеја на вработените утврдивме дека кај дел од досиејата недостасуваат решенија за распоредување на работно место и утврдување на плата согласно новите измени на бодовите, дел од вработените лица се распоредени на работни места за кои немаат соодветно образование, дел од досиејата се некомплетни односно недостасува документација за докажување на општите услови утврдени со законската регулатива[30], како и доказ за општите и посебните работни компетенции за соодветното работно место;
- во ЈП не е донесен акт за определување на поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на вработените, кои се категоризирани како административни службеници, даватели на услуги и помошно–техничките лица, поради што во 2022 година не е извршено нивно оценување. Оваа состојба не е во согласност со член 65 од Законот за административни службеници, член 37-п од ЗЈП и член 7 од Законот за вработените во јавниот сектор согласно кои вработените во ЈП задолжително се оценуваат еднаш годишно.

Наведените состојби укажуваат на неправилности во примена на законските и подзаконските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на

[30] Општи услови утврдени со Законската регулатива меѓу другото се да: е државјанин на Република Северна Македонија, има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

плата и надоместоци на плата на административните службеници и давателите на јавни услуги, несоодветна пополнетост на работните места, неуредни персонални досиеја, што влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- усогласување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈП во однос на законски пропишаните категории и нивоа на вработените;
- во Правилникот за плати и наградување на вработените во ЈП да се утврдат условите и критериумите за пресметување на плата на вработените според различни категори на вработени - адмистративни службеници, даватели на услуги и помошно – технички лица;
- исплатата на плата на административните службеници да се врши согласно утврдените бодови во законот за административни службеници и неговата вредност;
- да се побара согласност од Владата за вредноста на бодот за пресметка и исплата на плата за давателите на јавни услуги и помошно технички лица;
- комплетирање на персоналните досиеја на вработените со потребната документација која се бара за соодветното работно место и
- донесување и примена на правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценување на вработените.

3.2.6. Согласно член 31 од ЗЈВФК[31] пропишана е обврската на раководителот на субјектот од јавниот сектор за основање единица за внатрешна ревизија и критериумите врз основа на кои истата треба да се основа. Во наведениот член предвидено е дека, единица за внатрешна ревизија со најмалку три внатрешни ревизори и раководител се формира доколку просечниот финансиски план на субјектот во последните три години изнесувал најмалку 500 милиони денари. Иако ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта го исполнува наведениот законски критериум и во актот за систематизација има предвидено одделение за внатрешна ревизија со пет внатрешни ревизори и раководител, под директна надлежност на директорот, работните места се непополнети. Од месец ноември 2021 година, кога работното место раководител е испразнето, ЈП нема преземено активности за пополнување на работните места во одделението за внатрешна ревизија. Оттука, ревизијата констатира дека во периодот предмет на ревизија не се вршени активности од областа на внатрешната ревизија.

Имајќи ја во предвид значајноста и сложеноста на ЈП како правен субјект кој

[31] Службен весник на РМ бр. 90/2009, 12/2011, 188/2013, 192/2015 и 147/2017

врши дејност од јавен интерес, не екипирање на единица за внатрешна ревизија, може да влијае врз работењето на претпријатието во насока на исполнување на неговите цели и подобрување на ефективноста во процесите на управувањето со ризиците, контролата и управувањето.

Препорака
Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за екипирање на одделението за внатрешна ревизија и обезбедување услови за негово функционирање.

3.2.7. Со член 7 од ЗЈП уредено е дека Јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го вршат во согласност со ЗТД и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување[32]. Во членот 477 точка 14 и членот 384 став 2 точка 7 од ЗТД пропишано е дека органот на управување, покрај годишната сметка односно финансиските извештаи е должен по завршувањето на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на ЈП во претходната деловна година кој меѓу другото треба да содржи: податоци за околностите, опкружувањето и промените кои влијаеле врз работењето на претпријатието, политиката на вложување за одржување на успешноста за работењето, изворите на средства, политика на однос кон долгорочниот долг спрема основната главнина, политика на управување со ризици, податоци за висината и износот на трансакциите извршени врз основа на зделки со заинтересирани страни, податоци за планираниот иден развој на претпријатието и неговите деловни потфати како и детални податоци за примањата на членовите на УО и НО.
Од спроведената анализа во содржината на Извештаите[33] за работењето на ЈП за 2021 и 2022 година ревизија утврди дека истите не се изготвени со пропишаната содржина во одредбите од ЗТД.
Наведената состојба влијае врз јавното и транспарентно работење на ЈП и не е во согласност со член 8 и член 8-а од ЗЈП во кои е предвидена обврска за јавните претпријатија за јавно и транспарентно презентирање на нивното работење.

Препорака
Органите на раководење и управување да преземат активности за изготвување на Годишниот извештај за работењето на претпријатието кој во својата содржина ќе ги вклучува сите законски пропишани податоци.

[32] „Службен весник на Република Македонија“ бр.40/97
[33] Извештај за работење за 2021 година бр. 05-581/1 од 18.03.22 и Извештај за работење за 2022 година бр. 05-471/1 од 09.03.23

3.2.8. ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во својата основна дејност има повеќе работни задачи и обврски, меѓу кои:

- редовно и зимско одржување на магистралните и регионалните патишта,
- асфалтирање на помали делници и крпење на ударни дупки,
- изработка и поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација, заштита на патишта,
- информативна (диспечерска) служба за состојбата на патиштата и друго.

Со извршената ревизија утврдивме дека сметководствените политики на ЈП, се донесени во 2012 година и истите не содржат политика на признавање на залиха на готови производи при производство на асфалт и вертикална сигнализација вклучувајќи го начинот на кој се врши алокација на трошоците и формирање на нивната цена на чинење, како и начинот на кој се распоредуваат трошоците по единица производ. Оваа состојба не е во согласност со точка 5 од МСС 8[34], каде е определено дека сметководствените политики се специфични принципи, основни конвенции, правила и практики кои треба да ги применува субјектот при подготовка и презентирање на финансиските извештаи. Сметководствените политики треба да придонесат за порелевантно обезбедување на информации во однос на користените проценки и нивното влијание врз финансиските трансакции, врз состојбата на средствата и остварениот финансиски резултат.




Слика број 6 – Производство на вертикална сигнализација во подружница Битола

[34] МСС 8 – Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки

Со извршената ревизија констатиравме дека во подружниците се врши евидентирање на трошоците за производството на асфалт на таков начин, што на дневно ниво, во градежните дневници се внесуваат потрошените количини на материјали (битумен, ризла, фракции, битуменска емулзија и сл.), додека на месечно ниво овие податоци се дел од градежните книги согласно склучениот договор со ЈП за државни патишта. Во деловните книги на ЈП недостасува сметководствено евидентирање на производството и залихите на готови производи (асфалт и вертикалната сигнализација), како што е уредено со член 472 став 3 од ЗТД, со кој е пропишано дека сите податоци во трговските книги треба да бидат целосни и хронолошки презентирани. Имајќи во предвид дека асфалтот кога се произведува истовремено се користи за одржување на магистралните и регионалните патишта и асфалтирање на помали делници и крпење на ударни дупки, додека вертикалната сигнализација се произведува по нарачка и веднаш се вградува, наведените состојби немаат влијание на реалноста и објективноста на податоците во финансиските извештаи на ЈП, но влијаат на достапноста на информациите за залихата на готови производи и нивната цена на чинење во текот на годината.

Во прилог на добиените забелешки од страна на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта доставен е доказ за спроведено дополнување на сметководствените политики (Објаснувачки белешки и сметководствени политики бр.05-701/1 од 12.03.2024 година) со одредби за начинот на евидентирање на производството и залихите на готови производи и проценка на нивната цена на чинење.

Препорака

Одговорните лица да преземат мерки и активности за соодветно имплементирање на донесените сметководствени политики за начинот на евидентирање на производството и залихите на готови производи и проценка на нивната цена на чинење.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Елементите кои се директно поврзани со мерењето на финансиската состојба се средствата, обврските и капиталот[35]. Според финансискиот концепт[36] на капиталот, истиот претставува нето средства или главнина на ентитетот односно остатокот на учеството во средствата на ентитетот по одземањето на сите негови обврски. Со извршениот увид во трговските книги и анализа на финансиските извештаи ревизијата утврди дека на ден 31.12.2022 година ЈП искажува негативен капитал во износ од 730.625 илјади денари.

[35] Точка 49 од Рамка за подготвување и презентирање на финансиските извештаи
[36] Точка 102 од Рамка за подготвување и презентирање на финансиските извештаи

Наведената состојба се должи на континуирано остварување негативен финансиски резултат односно загуби од работењето. Во изминатиот период покривањето на загубите е вршено редоследно од акумулирана добивка и задолжителната општа резерва, согласно член 484 од ЗТД. Бидејќи овие извори не биле доволни за покривање на загубата, непокриениот дел како пренесена загуба останува да се покрива од добивките во идното работење, што може негативно да се одрази на идниот развој на ЈП и да се доведе во прашање ефикасното, трајното, уредно и квалитетно вршење на неговата дејност во согласност со член 8 и член 13 од ЗЈП. Состојбата со негативниот капитал била соодветно обелоденета и во издадениот извештај на Овластениот државен ревизор за спроведената ревизија на регуларност кај ЈП за 2010 година.

На Графикон број 1 прикажан е односот меѓу средствата, обврските и капиталот во периодот од 2018 година до 2022 година изразен во илјади денари.

Графикон број 1 –Средства, обврски и капитал во период 2018 -2022 година:




4.2. Во април 2021 година, ЈП склучило договор за набавка на 15 товарни моторни возила опремени со специјална опрема за чистење на снег. Со записник за примопредавање, во периодот од јуни до декември 2021 година бил извршен прием на возилата. Начинот на плаќање се вршел во периодот од август 2021 година до март 2023 година, во повеќе наврати, при што биле исплатени средства во вкупен износ од 177.000 илјади денари со вклучено ДДВ (7.022 илјади денари во 2022 година). Најголем дел од средствата или 81% (144.000 илјади денари) се исплатени во 2021 година од сметката на ЈП за државни патишта, а по претходно донесена Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија и нејзина измена, додека останатите 19% се исплатени од сметката на ЈП.

Во декември 2021 година, едно од возилата, по изминати 150 km и дваесет дена од приемот, било опожарено. За набавка на ова возило паричните средства биле исплатени неколку дена пред и по пожарот. Во исто време, извршено е

ослободување на обврските по банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од страна на добавувачот и од негова страна доставена е Изјава за обезбедена фабричка гаранција на испорачаните возила и опрема во времетраење од 12 месеци. Во март 2022 година, само четири месеци откако возилото било набавено, истото е расходувано, без да се донесе одлука од УО. Исто така, напоменуваме дека возилото не било каско осигурено, поради што не е можно да се надомести претрпената штета од осигурителна компанија.



Слика број 7 – Опожарено ново набавено возило

Со ревизијата утврдивме дека од страна на СВР Куманово, на чија територија се случил настанот, бил извршен увид за што изготвено е известување, во кое е наведено дека „можна причина за пожарот е дефект на мотор или електроника“. Во февруари 2022 година надлежните од СВР Куманово предметот го доставиле до ОЈО Куманово. Во мај 2022 година од ОЈО Куманово до ЈП доставено е известување дека не постојат докази за сторено кривично дело поврзано со возилото. За утврдување на причините за пожарот на возилото, било извршено вештачење и од страна на производителот на товарното возило. При тоа, во периодот од декември 2022 година до март 2023 година ЈП повеќе пати се обидело од добавувачот да ги обезбеди документите од вештачењето. Обидите за обезбедување на документацијата од вештачењето биле неуспешни дури и по поднесена опомена пред тужба, поради што во декември 2023 година ЈП поднело тужба до Основен граѓански суд Скопје, при што од добавувачот се побарува надомест на штета од испорака на неисправен производ и надомест за испуштена корист од неисправен производ.

Сметаме за потребно да истакнеме дека наведеното возило не било каско осигурено, рокот на обезбедената фабричка гаранција на возилата и опремата истекол на крајот на 2022 година и истата не била употребена, поради што од страна на надлежните лица не биле искористени дадените можности за осигурување на безбедноста и надомест на финансиски средства во случај на штета. Исто така, ако се има во предвид дека од предизвиканиот пожар на возилото до поднесената тужба изминале две години укажуваме на потребата

од побрзо, уредно и навремено постапување при чување и заштита на добрата од општ интерес со кои располага ЈП.

4.3. Во рамките на ЈП функционираат четири асфалтни бази и тоа во: Скопје (Лепенец), Битола, Штип и Велес. Овие организациони единици работат (произведуваат асфалт) исклучиво за потребите на ЈП за државни патишта и тоа врз основа на Годишна програма и договор[37]. Согласно член 95 од Законот за животната средина[38] и член 2 од Уредбата[39] со која се определуваат активностите на инсталациите за кои е потребна интегрирана еколошка дозвола, наведено е дека за стационирани асфалтни бази потребно е инсталацијата да поседува А – интегрирана еколошка дозвола.



Слика број 8 – Асфалтна база Штип

Со ревизијата констатиравме дека во 2022 година, па се до денот на ревизијата Асфалтната база во Штип не работела, а производството на асфалт за оваа база го вршела Асфалтната база во Лепенец. Причината за оваа состојба е резултат на извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за животна средина, по што издадено е Решение за забрана за работата и укинување на А – интегрирана еколошка дозвола[40], а поради прекршување на законот за заштита на амбиенталниот воздух. Од извршениот теренски увид и разговори со надлежните лица добивме информација дека се започнати активности за обезбедување на услови за добивање на интегрирана еколошка дозвола. Истакнуваме дека надминувањето на оваа состојба е значајно не само за заштита на животната средина, туку и за обезбедување услови и запазување на континуитетот во

[37] Програма за одржување и заштита на јавни патишта за 2022 година бр. 10-941/1 од 28.01.2022 година.
[38] Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и Службен весник на Република Северна Македонија 171/22)
[39] Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои е потребна интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план Службен весник на Република Македонија број 89/2005
[40] Решение за забрана бр. ИП1 14-49 од 16.04.2021 година (поради несооодветен филтер на стационарен оџак)

работата на Асфалтна база во Штип, како и намалување на транспортните трошоци на претпријатието.

4.4. ЈП согласно добиените податоци од Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужена странка во вкупно 101 судски предмети чија вредност е проценета во износ од 35.809 илјади денари. Најголем дел од постапките во кои е тужено ЈП, односно 50 постапки се тужби од осигурителни компании на име регрес на штети исплатени кон осигуреници поради штета настаната од употреба на државните патишта, 37 постапки по основ на тужби од физички лица за штета настаната при користење на државни патишта, 13 постапки од правни лица по основ на неплатен долг и 1 тужба од вработен за исплата на додатоци од плата. Согласно добиените податоци ЈП нема тековни судски постапки во кои се јавува во својство на тужител.
Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на претпријатието во идниот период.

4.5. Согласно член 38 од Законот за јавните патишта за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици поради пропуштање на навремено извршување на потребните работи и преземање на соодветни мерки за одржување на јавните патишта и улици одговара правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици.
Со ревизијата утврдивме дека трошоците по основ на надомест на штети, камати и судски трошоци дополнително влијаат на влошување на финансиската состојба на ЈП и истите за период од 2018 година до 2023 година, искажани во илјади денари, се прикажани на следниот графикон:

Графикон број 2 –Штети, камати и судски трошоци во период 2018 – 2023 година




| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| судски трошоци | 3.578,99 | 2.769,78 | 2.310,14 | 2.559,52 | 2.594,78 | 4.192,55 |
| камата | 4.870,78 | 3.018,20 | 2.010,41 | 939,44 | 4,81 | - |
| главен долг | 9.341,58 | 5.747,46 | 4.452,21 | 4.817,57 | 8.813,97 | 11.956,3 |

главен долг камата судски трошоци

Од спроведената анализа во анализираниот период, произлегува дека трошоците по основ на надомест на штети, камати и судски трошоци биле најголеми во 2018 година и истите изнесувале вкупно 17.791 илјади денари. Овие трошоци до 2021 година имаа тренд на намалување и во таа година изнесуваат вкупно 8.317 илјади денари. Од 2022 година трошоците по основ на надомест на штети и судски трошоци повторно бележат пораст и во 2023 година нивниот вкупен износ е 16.149 илјади денари, односно поединечно достигнале повисоко ниво отколку во 2018 година.

Надлежните лица образложија дека причини за наведената состојба од една страна е зголемениот број на изградени патишта, додека од друга страна нецелосната пополнетост на работните места патари[41] и асфалтерски работници[42], чии работни обврски меѓу другото се однесуваат на одржување на патишта, асфалтирање, косење и кастрење покрај патот, чистење на риголи, канавки, пропусти, канали и одрони, поставување на еластична ограда и други работи за одржување.

## 5. Клучни ревизорски прашања

5.1. Дополнително покрај состојбите опишани во Основот за квалификувано мислење, го идентификувавме следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање.

Во член 218 од Законот за извршување утврдено е дека врз предмети и права на Република Северна Македонија и нејзините органи, единици на локалната самоуправа и јавни претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на задачи од нивната дејност. Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот определува претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба. Врз основа на оваа законска одредба претседателите на судовите носат решенија за утврдување на минимум средства за извршување на дејноста.

ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта 12 години континуирано, односно од 2012 година до денот на известување за спроведената ревизија функционира со сметка која е блокирана со извршни решенија за наплата на неизмирени обврски. Своите активности во насока на извршувањето на основната дејност ги реализира во рамки на месечните лимити односно минимумот на парични средства над кои не може да се

[41] Со систематизацијата предвидени се 478 работни места за патарски работници, а пополнети се 320 работни места

[42] Со систематизацијата предвидени се 54 работни места за асфалтерски работници, а пополнети се 30 работни места

спроведе извршување определени со Решенија на Основен суд Скопје II Скопје[43]. Во последното донесено решение од 14.06.2021 година кое сеуште е во важност месечниот лимит за функционирање на ЈП е определен во износ од 231.000 илјади денари.

Истакнуваме дека ЈП низ годините има тренд на зголемување на обврските кон добавувачи во земјата како резултат на зголемена активност во делот на одржување и заштита на државни патишта, поради изградба на нови делници и слично, зголемени трошоци за набавка на нафта и нафтени деривати поради укинување на законската можност истите да се добиваат од Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви, како и растот на цените на стоките и услугите.

На Графикон број 3 даден е приказ на движењето на обврските кон добавувачи во земјата и обврските по извршни решенија во период од 2018 до 2022 година искажани во илјади денари:

Графикон број 3 – Обврски кон добавувачи во земјата и обврски по извршни решенија во период 2018 – 2022 година




[43] Решение ППНИ број 331/12 од 24.04.2012 година на Основен суд Скопје II Скопје со кое е определен минимум средства за вршење на основна дејност во вкупен износ од 60.000.000,00 денари.
Решение ППНИ број 752/12 од 04.09.2012 година на Основен суд Скопје II Скопје со кое е определен минимум средства за вршење на основна дејност во вкупен износ од 80.000.000,00 денари.
Решение ППНИ број 1030/12 од 13.12.2012 година на Основен суд Скопје II Скопје со кое е определен минимум средства за вршење на основна дејност во вкупен износ од 110.000.000,00 денари.
Решение на Основен граѓански суд Скопје ППНИ број 393/21 од 14.06.2021 година со кое се зголемува потребен минимум средства за вршење на основна дејност во вкупен износ од 231.000.000,00 денари.

Имено, обврските кон добавувачи во 2018 година се во вкупен износ од 479.607 иљади денари, а во 2022 година се во износ од 965.533 иљади денари, односно бележат тренд на зголемување. Исто така тренд на зголемување бележат и обврските по извршни решенија, од 324.393 иљади денари во 2018 година до 467.416 иљади денари во 2022 година.

Согласно добиените податоци од Секторот за финансии, сметководство и комерција заклучно со 31.12.2022 година старосната структура на вкупните обврски по извршни решенија, изразена во иљади денари е прикажана на Графикон број 4 :

Графикон број 4 – Старосна структура на обврски по извршни решенија заклучно со 31.12.2022 година




Ваквиот начин на функционирање на ЈП при што континуирано се преземаат нови обврски кои претпријатието не е во можност редовно да ги плаќа влијае врз зголемување на обврските по извршни решенија и зголемување на долгот по камати, што придонесува за зголемување на финансиската нестабилност и неликвидност на претпријатието.

Во оваа насока ги истакнуваме измените на Законот за облигациони односи[44] од месец јули 2023 година со кои во член 368 став 3 се предвидува застареност на извршување на побарувањата во извршната постапка која настанува десет години од моментот на поднесеното барање за извршување. Застарувањето на извршување ги опфаќа и започнатите постапки пред донесување на

[44]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/2021 и 154/2023“

законските измени. Согласно наведеното ревизијата укажува на можноста ЈП да преземе активности пред надлежните извршители за утврдување на исполнетоста на условите и иницирање на запирање на започнатите постапки кои согласно законот се застарени со цел намалување на обврските по извршни судски решенија и зголемување на финансиската стабилност на друштвото.

## 6. Останати прашања

6.1. Со измените и дополнувањата на ЗЈП од април 2022 година, извршено е негово дополнување во член 19 и член 27, при што пропишано е дека претседателот и членовите на УО и НО на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на УО и НО. Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на УО и НО поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето плата на вработените во ЈП исплатена во претходната година, што со одлука треба го утврди основачот на ЈП. Наведениот подзаконски акт, основачот требал да го донесе најдоцна до јули 2022 година.

Имајќи во предвид дека надоместоците за членовите на УО и НО во ЈП за 2022 година, се исплатени согласно Одлука донесена од страна на претседателот управниот одбор на ЈП на крајот на 2021 година, укажуваме на потребата од донесување на подзаконскиот акт од страна на Владата за утврдување на месечниот надоместок за претседателот и членовите на УО и НО на ЈП, како и создавање услови за негова имплементација.

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 23.11.2023 до 02.02.2024 година, кај ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година, при

што ревизијата изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Од последната ревизија поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на директорот на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје, застапувано од:

-Костадин Ацевски, в.д. директор од 30.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите

материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се

смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје одржан на ден 19.02.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на директорот на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор под број 19-403/3 од 15.04.2024 година. Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.1.2., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., 3.2.4., 3.2.5., 3.2.6, 3.2.7.,3.2.8., 4.1., 4.2. и 4.3.. Истите се разгледани и утврдено е дека најголем дел од нив претставуваат образложенија за причините кои довеле до состојбите, известувања за мерки и активности кои се преземени/ќе бидат преземени по дадените препораки, забелешки на точките 3.2.2., 3.2.5 и 3.2.7. не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби, а забелешка на точката 3.2.8. претставува известување за преземена мерка која соодветно е обелоденета во Конечниот извештај.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2022** | **2021** |
| Приходи од продажба | 3.1. | 1.584.166 | 1.483.036 |
| Останати приходи | 3.2. | 31.596 | 35.231 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.615.762** | **1.518.267** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 722.840 | 722.453 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 273.800 | 498.431 |
| Останати трошоци од работењето | 3.5. | 21.265 | 18.161 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.6. | 427.268 | 379.528 |
| Трошоци за амортизација | 3.7. | 52.311 | 36.965 |
| Останати расходи | 3.8. | 33.978 | 7.043 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1.531.462** | **1.662.581** |
| **Финансиски приходи** | 3.9. | **167** | **-** |
| **Финансиски расходи** | 3.10. | **23.753** | **9.278** |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 3.11. | **60.714** | **(153.592)** |
| **Данок од добивка** | 3.12. | **7.585** | **-** |
| НЕТО ДОБИВКА | 3.13. | **53.129** | **(153.592)** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 3.516 | 739 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 89.198 | 1.433 |
| Побарувања од вработените | 4.3. | 8 | 64 |
| АВР | 4.4. | 24.156 | 4 |
| Залихи | 4.5. | 284.315 | 284.571 |
| **Вкупно тековни средства** | | **401.193** | **286.811** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.6. | 116 | 0 |
| Материјални средства | 4.7. | 522.637 | 518.768 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **522.753** | **518.768** |
| **Вкупна актива** | | **923.946** | **805.579** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.8. | 1.267.219 | 1.067.265 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.9. | 234.581 | 338.032 |
| ПВР | 4.10. | 152.771 | 182.153 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **1.654.571** | **1.587.450** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.11. | 82.191 | 82.191 |
| Резерви | 4.12. | 9.469 | 6.813 |
| Пренесена загуба | 4.13. | (872.758) | (717.283) |
| Добивка/загуба од тековната година | 4.14. | 50.473 | (153.592) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **(730.625)** | **(781.871)** |
| **Вкупна пасива** | | **923.946** | **805.579** |

ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Резерви | Пренесена загуба | Добивка од тековна година | Загуба од тековната година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022 година** | **82.191** | **6.813** | **(717.283)** | **-** | **(153.592)** | **(781.871)** |
| Добивка/ загуба за деловна година | - | - | - | 50.473 | - | **50.473** |
| Резерви | - | 2.656 | - | - | - | **2.656** |
| Непокриена загуба | - | - | (155.475) | - | 153.592 | **(1.883)** |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **82.191** | **9.469** | **(872.758)** | **50.473** | **0** | **(730.625)** |

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА

000 денари

| | Износи |
|---|---|
| Нето добивка/ загуба | 53.129 |
| Амортизација | 52.311 |
| **Вкупно** | **105.440** |
| Промени во побарувања од купувачи | (87.765) |
| Промени во останати краткорочни побарувања | 56 |
| Промени во залихи | 256 |
| Промени во АВР | (24.152) |
| Промени во обврски спрема добавувачи | 198.071 |
| Промени во останати краткорочни обврски | (103.451) |
| Промени во ПВР | (29.382) |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **59.073** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (56.296) |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(56.296)** |
| **Промени на паричните средства** | **2.777** |
| **Парични средства на почеток на година** | **739** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **3.516** |

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА**
**НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА - Скопје ц.о**
**NDËRMARRJA PUBLIKE E MIRËMBAJTJES DHE MBROJTJES SË**
**RRUGËVE MAGJISTRALE DHE RAJONALE - Shkup c.o.**

Ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје -Центар
Rr. "Dame Gruev" Nr. 14 Shkup - Qendër
Тел./Tel. 02/3138 724
02/3138 746
E-mail : *contact@makedonijapat.com.mk*
Факс/Fax 02/3138 736
**www.makedonijapat.com.mk**

Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.
Бр./Nr. 05-704/2
12.04 2024 год./viti

**До: Државен завод за ревизија**
**Главен државен ревизор**
**М-р. Максим Ацевски**

## ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО ДОСТАВЕН НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 15.04.2024
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 19-403/3 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera:

**Предмет: Забелешки на Нацрт извештајот**

Почитувани,

Пред сé, сакаме да се заблагодариме на професионалноста, етичкиот пристап и посветеноста да се укаже на сите потенцијални точки за подобрување и унапредување на работењето на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта Скопје ц.о.

Анализата, укажувањата и наодите беа детално разгледани од наша страна со цел искористување на истите во насока на подобрување на работењето и ефективно реализирање на основната дејност за која ова ЈП е основано.
Имајќи го предвид Нацрт извештајот во кој цениме дека не се идентификувани наоди кои би можеле да ја нарушат реализацијата на основната дејност за која е основано претпријатието, а ниту се идентификувани намерни злоупотреби, сметаме дека треба да се земат предвид одредени факти кои би Ви овозможиле допрецизирање на наодите во Вашиот конечен извештај.

За таа цел користејќи ги наодите и препораките од нацрт извештајот, ќе ги презентираме аргументите редоследно.

## *Наоди и препораки од писмо до раководството*

### 1. Финансиски извештаи

1.1 Препорака

*Одговорното лице за раководење со ЈП и членовите на пописната комисија да преземат мерки и активности со кои ќе обезбедат пописните листи за залихата во магацините да ги содржат аналитичките сметки по кои тие се водат во сметководствената евиденција.*

Информираме дека уште пред почетокот на ревизијата во 2023 година беа иницирани тест измени во сметководствениот софтвер за обезбедување на пописни

листи по аналитички сметки. По завршувањето на ревизијата, тој процес е завршен и имплементирана е можноста за издавање на пописни листи за аналитички сметки.
***Прилог 1: копија од пописни листи.***

1.2 Препорака
*Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за навремено пресметување на амортизацијата за ново набавените средства и соодветна примена на амортизационите стапки утврдени во сметководствените политики на ЈП.*

По извршената ревизија веднаш се преземени мерки за усогласување на сметководствените системи како за навременото пресметување на амортизацијата за ново набавените основни средства така и за усогласеност на примената на амотизационите стапки со сметководствените политики на ЈП. Постапено е во целост по ревизорската препорака и апсолвирани се промените на ниво на претпријатие. ***Прилог 2 Објаснувачки белешки и сметководствени политики бр. 05-701/1 од 12.03.2024 година Член 13***

1.3 Препорака
*Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:*
- *функционирање на воспоставениот систем на електронска евиденција на работно време на сите локации на кои се врши дејноста и*
- *изготвување и доставување до Министерството за информатичко општество и администрација шестмесечни извештаи за реализација на планот за вработување.*

Поради застареност на системот за електронска евиденција на работното време ЈП предвиде во планот за јавни набавки во 2024 година и објави оглас за набавка на нов современ систем за електронска евиденција на работното време, уште пред добивање на Вашиот Нацрт Извештај, кој ќе ги покрие сите подружници и секции, со цел поголема контрола на одработените работни часови на вработените на сите локации каде се врши дејноста на претпријатието. ***Број на оглас 03601/2024 ЕСЈН. Датум на објава 28.02.2024 година (види https://e-nabavki.gov.mk/).***
Согласно Вашата препорака, раководниот кадар секако го задолжи одделението за човечки ресурси за евидентирање на движењето на кадарот согласно годишните планови за вработување и соодветно пополнување на извештаите за реализација на годишниот план за вработување на шестмесечно и годишно ниво.

**2. Усогласеност со закони и прописи**
2.1 Препорака
*Надлежните органи на управување и раководење да преземат мерки и активности за изготвување на Решенија за службено патување во странство со комплетно пополнување на предвидените податоци кои се пропишани со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство.*

Во ЈП подолг период не е вложувано во обуки и усовршување на вработените. Почнувајќи од 2022 година претпријатието го приоретизира вложувањето во вработените преку градење на нивните капацитети со цел подобрување на ефективноста и ефикасноста во работењето. Истовремено, нагласуваме дека ЈП нема значајни трошоци поврзани со службени патувања во странство а констатираната состојба се однесува за реализирана обука за Јавни Набавки во Република Грција за 15 (петнаесет) вработени лица во вид на трошоци за сместување и котизација за обуката во вкупна вредност од 190,000.00 (сто и деведесет иљади) денари. Напоменуваме дека аванси, дневници и трошоци за превоз не се исплатени.
Во однос на Вашата препораката, раководството секако иницираше состанок за подготвување на приоритетна листа на вработени за кои има потреба да се вклучат во


ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Тел +389 2 3138 724
Факс +389 2 3138 736
www.makedonijapat.com.mk

обуки, а за истото да се подготви соодветно решение за вклучување на вработените во обуки кое ќе се ажурира на секои шест месеци.

2.2 Препорака
*Надлежните органи на управување и раководење да преземат мерки и активности, исплатата на регресот за годишен одмор да се врши само за вработените на кои се однесува ова право.*

Тука се работи за ненамерен технички пропуст на службата која вршела исплата на регрес и истиот согласно одлуката број.04-636/1 и 04-637/1 од 29.02.2024 е вратен од страна на раководните лица. ***Прилог 3: извод од банка; одлуки***

## 3.1 Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1 Препорака
*Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за редовно усогласување и потврдување на износот на обврските по извршни решенија во сметководствената евиденција со евиденцијата на носителот па платниот промет.*

Сите налози за извршување кои се пристигнати преку архива во ЈП, се евидентирани во сметководствената евиденција. Разликата од 195.699 илјади денари се должи на не доставени налози за извршување до ЈП од страна на извршителите за кои ЈП нема добиено информација дека се воопшто издадени. Ваквата појава е резултат на тековното работење кое на одреден пресечен датум може да прикаже неусогласеност што секако се усогласува или нивелира во наредниот период. Воедно големиот одлив на кадар по основ на пензионирање и напуштање на ЈП поради не конкурентни примања во синергија со немањето согласности за вработување на кадар во период подолг од 15 години доведе до дисторзивен ефект во екипираноста и неможност ЈП да се вклучи во проверка и усогласување на состојбите со останатите правни субјекти поврзано со обврските на пократки рокови како што било во претходните периоди.
На крајот на 2023 година и почетокот на 2024 година одделението се екипираше дополнително двајца вработени,еден искусен вработен кој поради здравствени причини беше отсутен повеќе од една година и еден ново вработен лиценциран сметководител кој во текот на 2023 година започна да работи во интерното сметководство на подружница Скопје со цел да го совлада материјалното работење, интерните процедури за работа како и движењето на документите во ЈП и веќе по препораката се постапува согласно насоките.

3.1.2 Препорака
*Органите на раководење и управување да преземат активности за:*

- *проценување на средствата со кои располага ЈП од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на основната главнина;*
- *евидентирање на основната главнина како основачки влог во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија и*
- *забележување на подружниците во регистарската влошка во којашто е запишано трговското друштво.*

Согласно наодот евидентиран од Ваша страна, Ве известуваме дека ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје ц.о последен пат го има покренато ова прашање со Влада на Република Македонија, Министерството за финансии, архивски број 04-1440/3 од 02.11.2023 година на што е добиен одговор кој реферира на претходно доставениот допис од страна на Влада на Република Македонија, Секретеријат за законодавство бр. 08-3440/1 од 03.06.2014 година, во кој се потенцира начинот на основање на ЈП и пренесување на сопственоста од Собрание

на Република Македонија на Влада на Република Македонија, односно преодната одредба од ЗЈП 1996 година.
Во текот на ревизијата Ви беа дадени на располагање документи кои ги поседува ЈП, од кои се гледа дека веќе подолг временски период ЈП заедно со Владата на РСМ бара начин како да се надмине оваа ситуација. Истата ситуација е присутна кај многу други ЈП каде комплексноста на проблемот произлегува од различните законски одредби кои биле во сила во различен временски период од основање на ЈП до денес. Сметаме дека овие факти би требало да бидат дополнети во Вашите констатации.

### 3.2 Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1 Препорака

*Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:*

*- уредно пополнување на издатниците и приемниците и нивно означување со сериски броеви;*

*- на редовна основа да се врши верификација на мерилата за потврдување на нивната сообразност со пропишаните метролошки услови за верификација,*

*- во зависност од обезбедените финансиски средства постепено да се отпочне со измена на начинот на функционирање на секциите при прием, складирање, ракување и издавање на горивото и обезбедување на соодветни услови за прием и складирање на солта за зимско одржување и*

*- утврдување нето реализациона вредност на залихите со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира пониската од нив во согласност со барањата на правилникот за водење сметководство*

Во однос на наодите од точката 3.2.1 Ве известуваме дека ќе се воведат построги контроли во однос на евиденцијата на материјали согласно процедурата.
Во делот на горивата, цистерните за горива како и апаратите за точење на гориво во текот на 2022 година пристапивме кон решавање на оваа проблематика, почнувајќи од ангажман на фирма која е овластена да изврши периодичен преглед на опремата и заштитните системи а техничкиот извештај заведен под број 03-1943/1 од 23.09.2022 година Ви е доставен. Согласно Техничкиот извештај лоцирани се критичните слабости во системите за снабдување со гориво според кои се подготвени технички спецификации за јавни набавки кои се објавени на почетокот на 2024 година ***(Јавна набавка од 09.02.2024 бр.01982/2024 и од 12.02.2024 бр. 02177/2024, види https://e-nabavki.gov.mk )*** и истите ќе овозможат надминување на проблемот со не -баждарената опрема за складирање и точење на горива како и проблемот со складирање на горивата во несоодветна опрема. Сето ова е во насока на зголемување на безбедноста и здравјето на граѓаните и зачувување на животната средина.
За условите во кои се врши прием и складирање на солта за зимско одржување на патишта, напоменуваме дека инвестициите во зимски пунктови во кои спаѓаат и боксовите за складирање на солта исклучиво зависат од годишната програма за одржување на патиштата која е претходно дефинирана и ограничена од страна на ЈП за државни патишта и врз која ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје ц.о нема влијание. Сметаме дека Вашите констатации би требало да бидат надополнети со овие факти. ***Прилог 4: Програма за 2024 година, ставка 2.3.6***

3.2.2 Препорака

*Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:*

- *продолжување со активностите за отуѓување/повторно користење/уништување на движните ствари кои поради дотраеност,*


ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Тел +389 2 3138 724
Факс +389 2 3138 736
www.makedonijapat.com.mk

- *неупотребливост или технолошка застареност, ЈП не ги користи и не можат да се продадат или разменат, а по претходно обезбедена согласност од Владата;*
- *донесување интерен акт за начинот на користење на функционалните резервни делови од расходуван те средства, по претходно обезбедена согласност од Владата и*
- *соодветно сметководствено евидентирање по нивното физичко отстранување, врз основа на изготвени записници за примопредавање.*

Во однос на наодот 3.2.2, сметаме дека наодот во резимето не е во корелација со наодот од Основата за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи и препораката од истиот. Резервните делови кои се користат од расходуваните основни средства ни овозможуваат ефикасно и исплатливо сервисирање на старите возила за кои потешко можат да се набават делови на пазарот, а на нас како претпријатие ни помагаат особено при ненадејни дефекти во процесот на редовното и зимското одржување на патиштата. Набавката на делови за застарената механизација е доста тежок и временски долг процес и користењето на делови од расходувани основни средстав во голема мера ни заштедува како време така и финансиски средства. За истите се води евиденција и сметаме дека не е потребна одлука на Влада согласно Член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост. ***Прилог 5 евиденција од подружници.*** Членот 42 се однесува за ствари кои не се користат од страна на државните органи или правни лица основани од државата односно за средства кои треба да се отуѓат. Во исто време, информираме дека се преземени мерки активности за отуѓување/ уништување на движните ствари кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност ЈП не ги користи. Подолг временски период бараме од Бирото за судски вештачења да назначи вешти лица кои ќе извршат процена на расходуваните основни средства со што ќе се овозможи реализација на целокупната постапка за отуѓување. Сметаме дека прикажаниот износ во валута Евро во овој дел од извештајот е непотребен и бараме да биде отстранет од Извештајот. ***Прилог 6: Барање бр. 03-580/1 од 01.04.2021 година, Барање бр. 03-370/1 од 25.02.2022 година и Ургенција бр. 03-1742 од 25.08.2022 за што на 29.01.2024 година е добиено Решение со бр. 03-382/1 во кое се назначени вешти лица за спроведување на процесот.*** Постапката е во процес на реализација.

3.2.3 Препорака

*Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за осигурување на имотот и средствата на претпријатието, согласно законските прописи со што би се намалил ризикот од штети врз имотот и средствата на претпријатието.*

Согласно препораката ЈП треба да направи и соодветна анализа на кост бенефитот од осигурувањето имајќи ја во предвид староста на објектите и имотот и висината на средства потребни за осигурувањето. Согласно препораките ЈП ќе започне технички дијалог за добивање ориентационен финансиски износ потребен за кост бенефит анализата.

3.2.4 Препорака

*Органите на раководење и управување да преземат активности за соодветно усогласување на Статутот на ЈП во делот на приоритетна и други дејности, како и статусот на вработените.*

Во тек се подготвителни работи за реализација на оваа препорака преку правниот сектор на ЈП, притоа нагласуваме дека самата постапка не влијае на континуитетот и функцијата на ЈП за кое истото е основано.


ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Тел +389 2 3138 724
Факс +389 2 3138 736
www.makedonijapat.com.mk

3.2.5 Препорака

*Надлежните органи за раководење и управување , да преземат мерки и активности за:*

- *усогласување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈП во однос на законски пропишаните категории и нивоа на вработените,*
- *во Правилникот за плати и наградување на вработените во ЈП да се утврдат условите и критериумите за пресметување на плата на вработените според различни категории на вработени - административни службеници, даватели на услуги и помошно — технички лица;*
- *исплатата на плата на административните службеници да се врши согласно утврдените бодови во законот за административни службеници и неговата вредност;*
- *да се побара согласност од Владата за вредноста на бодот за пресметка и исплата на плата за давателите на јавни услуги и помошно технички лица;*
- *комплетирање на персоналните досиеја на вработените со потребната документација која се бара за соодветното работно место и*
- *донесување и примена на правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценување на вработените.*

Раководството на ЈП во однос на наодот усогласување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈП во однос на законски пропишаните категории и нивоа на вработените информира дека уште во текот на 2022 година пристапи кон подготвување на функционална анализа и идентификување на стратегиските, функционални и организациони поставености на ЈП како основа за доставување на барање до МИОА за измени и дополнување на актот на систематизација и внатрешна организација ***(Функционална анализа br. 02-2433/1 od 29.12.2023 година и поднесеното барање до МИОА со бр.02-512/2 од 12.02.2024 година Ви се доставени)*** Сите натамошни процеси зависат од соодветно екипирање на кадарот по претходно добиени согласности од страна на МИОА и Министерството за финансии за да може да се направи соодветна поделба на работните места, екипирање на секциите, одделенијата и секторите што директно ќе влијае врз креирање јасна дистинкција на позициите и вреднувањето на трудот, оценувањето на вработените а воедно и основа за транскирибирање на бодовите во новиот систем на вреднување на трудот и поднесувње барање до Владата на Република Северна Македонија за утврдување на вредноста на бодот. Сметаме дека овие факти би требало да бидат дел од Вашите констатации во конечниот Извештај.

Во однос на персоналните досиеја на вработените секако ја уважуваме забелешката за навремено ажурирање на истите од страна на подружниците како што е случај и во дирекцијата на ЈП, воедно Ве известуваме дека досиејата се комплетирани согласно вашите забелешки.

3.2.6 Препорака

*Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за екипирање на одделението за внатрешна ревизија и обезбедување услови за негово функционирање.*

Во однос на препораката екипирање на одделението за внатрешна ревизија и обезбедување услови за негово функционирање ве информираме дека согласно архивскиот број 02-2706/3 од 21.12.2022 година ЈП има доставено барање до МИОА за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места со цел додавање на работно место помлад соработник за внатрешна ревизија со цел да се овозможи создавање услови за екипирање на одделението и функционалност на истото. Во прилог Ви го доставуваме доставениот Правилник за измени и дополнување на правилникот за систематизација и внатрешна организација.


ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Тел +389 2 3138 724
Факс +389 2 3138 736
www.makedonijapat.com.mk

3.2.7 Препорака

*Органите на раководење и управување да преземат активности за подготвување на Годишниот извештај за работењето на претпријатието кој по својата содржина ќе ги вклучува сите законски пропишани податоци.*

Во однос на оваа препорака нагласуваме дека нашето ЈП подготву полугодишени извештаи согласно Законот за јавни претпријатија каде согласно член 23а се вклучени сите пропишани норми и податоци за истиот, соодветно сметаме дека Законот за трговски друштва во тој аспект не е применлив за нашето ЈП.

3.2.8 Препорака

*Одговорните лица да преземат мерки и активности за дополнување на сметководствените политики кои се однесуваат на начинот на евидентирање на производството и залихите на готови производи и проценка на нивната цена на чинење, како и нивно соодветно имплементирање.*

Во завршната сметка за 2023 година во сметководствените политики е вметнат начинот на евидентирање на производството и залихите на готови производи, проценка на нивната цена на чинење како и нивно соодветно имплементирање. ***Види Прилог 2 Објаснувачки белешки и сметководствени политики бр. 05-701/1 од 12.03.2024 година Член 21.***

**4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

Во однос на точката 4.1 поврзана со нагласување на прашањата за неизвесност и континуитет, потенцираме дека ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје ц.о нема субвенции од државата и во своето работење во целост се потпира на средствата кои се исплаќаат од ЈП за државни патишта („ЈП ДП") по реализирани ситуации согласно годишната програма за работа. Воедно напоменуваме дека ЈП се соочува со исклучителен дисконтинуитет во наплата на средства по извршена работа од ЈП ДП што директно влијае и врз процесот на планирање но и врз економската слика на претпријатието.

Имено во овој момент ЈП се соочува со неисплатен долг од ЈП ДП во висина од 417 милиони денари со што директно се загрозува ликвидноста на нашето ЈП, но и на извршување на основната дејност за која ова ЈП е формирано.

4.2 Согласно укажувањето за побрзо, уредно и навремено постапување при чување и заштита на добрата од општ интерес информираме дека недостатокот на високо стручен кадар во ЈП влијае врз ефикасноста на постапките, но и покрај предизвиците ЈП успеа во предвидениот рок да поднесе тужба кон економскиот оператор од кој го има набавено возилото. Исто така, во самата јавна набавка за возилата е предвиден гарантен рок кој го штити доброто од општ интерес, а истовремено ве известуваме дека возилото е опожарено во гарантниот рок за што има соодветни записници од институциите во РСМ.

Во однос на точка 4.3 потенцираме дека претпријатието во 2022 година веднаш започна со дејствија за распишување на јавна набавка на филтер за отпрашување со кои асфалтната база повторно ќе ги исполни условите за добивање на А еколошка дозвола. Процесот на подготвување на техничка спецификација беше исклучително сложен и комплексен, но ЈП успеа да ја обезбеди истата и на 14.03.2023 година е објавен оглас за јавна набавка под ***бр. 04343/2023 (види https://e-nabavki.gov.mk)***. Набавката е успешно спроведена, а филтерот е набавен, монтиран и во тек е е постапката за добивање на А еколошка дозвола. Мора да напоменеме дека и во овој случај клучен фактор за подобрување на ефикасноста е присуството на високо квалификуван и стручен кадар кој може да се справи со комплексните предизвици.


ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Тел +389 2 3138 724
Факс +389 2 3138 736
www.makedonijapat.com.mk

Заради допрецизирање на горенаведените аспекти кои сметаме дека не се или не се целосно земени предвид, бараме одржување средба во најкус можен рок, пред издавање на конечниот Извештај, на која сакаме да ги дообјасниме фактите заради елиминација или допрецизирање на наодите кое ќе овозможи целосна перспектива базирана на фактичката состојба.

**ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје**

**Директор**

**дипл.ел. инж. Костадин Ацевски**

ПРИЛОГ БР.2

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 05-704/2 од 12.04.2024 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, од страна на г. Костадин Ацевски, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-403/3 од 15.04.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешките кои се однесуваат на препораките содржани во **точките 1.1., 1.2., 1.3., 2.1. и 2.2.** од Писмото до раководство претставуваат известување за преземени мерки и активности по дадените препораки. Согласно меѓународните стандарди за ревизија на Врховните ревизорски институции и методолошките акти на Државниот завод за ревизија во Писмото до раководството утврдени се состојби кои што се со помало влијание, но треба да се имаат предвид во натамошното работење на субјектот, заради нивно надминување. Имајќи ја во предвид ревизорската методологијата, не е предвидено доставување на забелешки на Писмото до раководството од страна на овластеното лице во субјектот предмет на ревизија..

2. Забелешката на дадената препорака **во точката 3.1.1.** која се однесува на потребата од редовно усогласување на износот на обврските по извршни решенија во сметководствената евиденција со евиденцијата на носителот на платниот промет **претставува образложение** за причините кои довеле до наведената неусогласеност во износ од 195.699 илјади денари, а пред сè недостатокот на стручен кадар.

3. Забелешката на дадената препорака во **точката 3.1.2.** која се однесуваат на потребата од преземање активности за утврдување на објективната вредност на основната главнина од страна на овластени проценители и нејзино евидентирање како основачки влог во Централниот регистар на Република Северна Македонија **претставува известување** за преземените мерки за решавање на наведената состојба до периодот на вршење на ревизијата, кои факти беа земени во предвид и не влијаат на промена на утврдената состојба.

4. Забелешките на дадената препорака **во точка 3.2.1.** која се однесува на потребата од преземање мерки и активности за: уредно пополнување на документацијата при прием и издавање на залихите и нивно означување со сериски броеви; вршење редовна верификација на мерилата за потврдување на нивната сообразност со пропишаните метролошки услови за верификација; измена на начинот на функционирање на секциите при прием, складирање, ракување и издавање на горивото и обезбедување на соодветни услови за прием и чување на солта за зимско одржување **претставуваат известување** за дел од причините кои довеле до наведените состојби, преземени активности во текот на периодот од 2022 до 2024 година кои ревизијата ги имаше земено во предвид во текот на вршењето на ревизијата, како и идни активности кои јавното претпријатие планира да ги преземе за надминување на состојбите.

5. Забелешките на утврдената состојба и дадената препорака во **точката 3.2.2.** која се однесува на продолжување со преземените активности во согласност со законската регулатива за отуѓување/повторно користење/уништување на движните ствари кои се неупотребливи или застарени, како и донесување на интерен акт за начинот на користење на функционалните резервни делови од расходуваните средства и соодветно сметководствено евидентирање **не се прифаќа**. Доставената забелешка преставува известување за причините поради кои се користат деловите од расходуваните основни средства, можните придобивки од нивното користење (заштеда на време за набавка и финансиски средства), како и информација за доставените барањата до Бирото за судски вештачења за процена на расходуваните средства, кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид и не влијаат на менување на утврдената состојба во извештајот.

6. Забелешката на дадената препорака во **точката 3.2.3.** која се однесува на потребата од осигурување на имотот и средствата на претпријатието **претставува известување** за идни активности кои се преземат за надминување на утврдената состојба.

7. Забелешката на дадената препорака во **точката 3.2.4**. која се однесува на потребата од усогласување на Статутот на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во делот на приоритетната и други дејности со податоците од Централен регистар на Република Северна Македонија **претставува образложение** од ЈП за тоа дека наведената неусогласеност не влијае на континуитетот и функцијата на претпријатието за кое истото е основано. Наведеното образложение не влијае на менување на утврдената состојба, поради што и натаму останува потребата од спроведување на препораката.

8. Забелешката на дадените препораки во **точката 3.2.5.** кои се однесуваат на потребата од усогласување на актите за систематизација, комплетирање на досиејата за вработените, како и исплата на платата на вработените согласно важечките законски прописи **не се прифаќа** од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во однос на досиејата на вработените доставена е информација дека истите се комплетирани.

9. Забелешката на дадената препорака во **точката 3.2.6** која се однесува на потребата од екипирање на одделението за внатрешна ревизија **претставува известување** за преземени мерки за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места со цел додавање на работно место помлад соработник за внатрешна ревизија. Напоменуваме дека утврдената состојба во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор се однесува на пополнување на работните места со соодветен стручен кадар, во веќе систематизираното одделение за внатрешна ревизија.

10. Забелешката на утврдената состојба и дадената препорака во **точката 3.2.7** која се однесува на изготвување на Годишен извештај за работењето на претпријатието со содржина која ги вклучува пропишаните податоци од Закон за трговските друштва **не се прифаќа.** Имено, според овластениот застапник, јавното претпријатие подготвува полугодишен извештај согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија, истовремено истакнувајќи дека одредбите од Законот за трговските друштва за него не се применливи. Поради наведеното утврдената состојба и дадената препорака од страна на Овластениот државен ревизор не се менуваат.

11. Забелешката на дадената препорака во **точка 3.2.8.** која се однесува на потребата од преземање мерки и активности од одговорните лица за дополнување на сметководствените политики со одредби за начинот на евидентирање на производството и залихите на готови производи и проценка на нивната цена на чинење, како и нивно соодветно имплементирање **претставува известување** за преземени мерки по дадената препорака. Во прилог на забелешките доставени се докази за спроведеното дополнување на сметководствените политики (Објаснувачки белешки и сметководствени политики бр.05-701/1 од 12.03.2024 година), поради што преземените мерки по дадената препорака ќе бидат обелоденети, а препораката во Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор соодветно прилагодена.

12. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.1.** истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност и континуитет“ која претставува обелоденување на состојбата на негативниот капитал на претпријатието, која се

должи на континуирано остварување загуби од работењето, **претставува известување** за причините кои довеле до таквата состојба, со истовремено потврдување на неизвесноста за нејзино разрешување. Напоменуваме дека оваа состојба не влијае на ревизорското мислење, но истата е истакната во извештајот, бидејќи претставува прашање од особено значење за функционирањето на јавното претпријатие.

13. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.2.** истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност и континуитет“ се однесува на обелоденување на состојбата со ново набавено возило кое е опожарено дваесет дена од приемот, при што од страна на претпријатието не била навремено искористена фабричката гаранција и можноста за надомест на штета од испорака на неисправен производ и испуштена корист од неисправен производ, **претставува известување** за причините кои довеле до таквата состојба, како и за преземените активности кои ги имавме во предвид при вршењето на ревизијата.

14. Забелешката утврдената состојба во **точката 4.3.** истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност и континуитет“ се однесува на обелоденување на состојбата за Асфалтната база во Штип која до денот на вршење на ревизијата не работи поради укинување на А – интегрираната еколошка дозвола, **претставува известување** за преземените активности по утврдената состојба.